Бр: 10-25
Скопје: 26.01.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1449/1 од 23.12.2021 година (Наш број 10-135 од 23.12.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 26.01.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со Барање на мислење бр. 13-1449/1 од 23.12.2021 година (во натамошниот текст „Барање на мислење„), ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата дека е планирано зголемување на инвестицијата на Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден, како корисник на државна помош согласно Договорот за доделување на државна помош од 30.12.2019 година, која државна помош е одобрена со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со УП бр. 10-97 од 26.12.2019 година. Имено, вкупната инвестиција согласно Предлог Анекс договорот кој е доставен од Дирекцијата за ТИРЗ заедно со Барањето за мислење е зголемена на 62.076.000 евра од 25.000.000 евра како оправдани инвестициски трошоци во периодот до 14.05.2024 година што е датумот на завршување на инвестицискиот проект во договорот за доделување на државна помош од 30.12.2019 година.

Во Барањето на мислење наведено е дека заради зголемување на инвестицијата започнати се преговори за склучување на Анекс договор кон Договорот за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден под услови утврдени во Законот за контрола на државна помош и Уредбата за регионална помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Предлог Анекс договорот.

Во член 1 од Предлог Анекс договорот направено е дополнување на договорот со изразите „минимална инвестиција„, „голем инвестициски проект„ и прилагоден износ на помош„ со кои се постигнува усогласување со терминологијата за државна помош за големи инвестициски проекти.

Во член 7 од Предлог Анекс договорот е наведено дека инвестицијата изнесува 62.076.000 евра (шеесет и два милиони и седумдесет и шест илјади евра).

Соодветно на овие измени, во член 4 и во член 6 од Предлог Анекс договорот се менува износот на помошта во траншите кои следат до завршувањето на инвестицискиот проект.

Во врска со наведеното Барање на мислење по однос на прашањето дали е потребно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да се достави известување за промена на постојната државна помош согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), Комисијата за заштита на Конкуренцијата **смета дека е потребно давателот на државна** помош да **достави известување за промена на постојна државна** помош.

Согласно член 3 став (3) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) известување за промена на постојната државна помош се доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата доколку има зголемување над 20% од буџетот на постојаната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата; продолжување на времетраењето на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата, за период до шест години, со или без зголемување на буџетот и заострување на критериумите за примена на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата, намалување на интензитетот на помошта или намалување на обемот на оправданите трошоци кои се надоместуваат со шемата.

Имајќи ја во предвид горенаведената законска рамка, давателот на државната помош треба да достави известување за промена на постојната државна помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата за планираното зголемување на инвестицијата за Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден, а на образец за поедноставено известување даден во Прилог 2 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 24 од Законот за контрола на државната помош го врши надзорот за доделената дозволена државна помош во претходната година на основа на годишен извештај кој секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година да го достави до Комисијата.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Проф. Д-р Владимир Наумовски